# СООПШТЕНИЕ

**за утврдени рокови за завршување на додипломски студии според студиските програми 2004-2008**

Студентите запишани по ЕКТС системот во учебните 2004/2005 год.; 2005/2006 год; 2006/2007 год; 2007/2008 год. и 2008/2009 год., на студиските програми Механичка технологија на дрвото и Проектирање и технологија на мебел и ентериер на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје (Шумарски факултет во Скопје), должни се да ги завршат студиите под услови кои важеле при уписот, односно заклучно со завршувањето на септемврискиот испитен рок во учебната **2013/2014 год**., за кој период важат сите финансиски обврски согласно актите на Факултетот.

Студентите кои нема да ги завршат студиите во рокот утврден во точката 1 на оваа одлука, можат да продолжат да студираат според студиските програми што се во важност на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, во согласност со условите и правилата за студирање кои важат за истата.

Признавањето на предметите ќе се врши во согласност со одлуката за еквиваленција од Наставно-научниот совет на Факултетот, што ќе го спроведува Комисија за еквиваленција, при што студентите ќе потпишат барање и изјава дека ги прифаќаат условите на студирање по таа студиска програма.

Факултет за дизајн и технологии
на мебел и ентериер - Скопје